*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-449/7*
*14.07.2025*
*Ш т и п*

До
Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество на повторна јавна презентација и јавна анкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2024 година со Одлука Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

## П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О

**на повторна јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **повторна јавна презентација и јавна анкета по** ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- од североисток граничи со КП 3553/1, КП3558, КП3596, КП 3812, КП 3842, КП 3845 и КП 3844/1 КО Штип 3

- од исток граничи со улица “АСНОМ”, КП 5969/1 и КП 5522 КО Штип 3

- од југоисток граничи со КП 5554, КП 5559, КП 5558, КП 5562, КП 5905 и КП 5569/1 КО Штип 3

- од запад граничи со КП 5569/1, продолжува по улица Косовска, КП 5653, повторно продолжува по улица "Косовска", по КП 3766, КП 3769/2, КП 3761/1, КП 3748/1 КО Штип 3, за да заврши со улица "Радански пат".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 227060,4m2.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП, ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 30 јули 2025 (среда) до 12 август 2025 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 6 август (среда) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk e-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*